## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 21.04.2019

На 20.04.2019 година во 11.50 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", при пасошка контрола било констатирано дека на патната исправа на лицето О.С.(20) од Република Турција имало залепена фалсификувана британска виза и британски штембил. Лицето било приведено и предадено на инспектори од Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

На 20.04.2019 година во 16.35 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека спроти основното училиште „Јосип Броз Тито" на ул.„Димче Ковачески" во Струга, на ѕид од помошен објект на детска градинка имало испишан графит во врска со претседателските избори. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2019 во 00.45 часот на регионален пат Куманово- Свети Николе во близина на крстосница со нас.Ајдучка Чешма патничко моторно возило „Мерцедес" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(40), удрило во В.Ц.(37-год.-полициски службеник) и А.М. (25 год, кандидат за полициски службеник), кои биле на службена должност. В.Ц. починал на местото на настанот, а А.М. со тешки телесни повреди е пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. С.Ј. со возилото „Мерцедес" избегал од местото на настанот, по што на регионалниот пат Куманово-Св.Николе удрил во патничко моторно возило „Шкода" со кумановски регистерски ознаки, управувано од Н.П.(34). Возачот на возилото „Шкода" и сопатникот Д.Ј. (42) се здобиле со тешки телесни повреди, а А.Ј. (52) со телесни повреди, при што Д.Ј. е пренесена во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, додека останатите повредени се пренесени во болницата во Куманово. С.Ј. е пренесен во болницата во Куманово, а против него во текот на денот ќе биде поднесена кривична пријава.

На 21.04.2019 година во 00.50 часот на булеварот „Маршал Тито" во Неготино се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Фиат Фиорино" со неготински регистарски ознаки, управувано од В.З.(19) од Неготино и мотоцикл „Мондиал", управуван од Г.С.(20) од с.Војшанци,неготинско. Во незгодата Г.С. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во ЈЗУ-Кавадарци, а потоа во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 20.04.2019 година во 19.40 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со повреди од сообраќајна незгода бил донесен Ј.М.(82) од Скопје. Во разговор со полициските службеници тој изјавил дека истиот ден околу 18.00 часот на улица „Маџари" бил удрен од мотоцикл со непознати регистарски таблици, кој го напуштил местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.04.2019 година во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека М.Л.(24) и Р.Р.Г.(27), двајцата од Белгија, влегле во дворот на Генералштабот на Армијата на улица „Орце Николов". Полициски службеници излегле на местото на настанот и лицата изјавиле дека залутале и ја прескокнале оградата. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.04..2019 година во 12.30 часот на автопатот Гевгелија- Скопје, после клучка Смоквица, при контрола на возило „Форд транзит" со скопски регистарски ознаки, полициски службеници пронашле 58 мигранти од кои 56 од Пакистан и двајца од Сирија. При запирање на возилото, возачот побегнал. Во 12.45 часот на влезот во Гевгелија било сопрено возило „Фолксваген голф" кое се движело пред возилото во кое биле мигрантите и поради основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти" биле приведени Д.Ј.(22) од Богданци и Ѓ.И.(27) од Гевгелија. По преземени мерки било приведено и лицето К.Р.(34) од Косово, поради сомнение за кривичното дело „криумчарење мигранти". Мигрантите биле предадени во Прифатниот центар Гевгелија и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 20.04.2019 година во 19.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Б.В.(38) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 16.30 часот на улица „Маџари" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 20.04.2019 година во 11.15 часот во Полициската станица Центар, Д.В.(25) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 11.15 часот на плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 21.04.2019 година во 01.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Петар Ацев", И.К.(19) од Скопје со уште две непознати лица физички ги нападнале В.Д.(18) од Скопје и уште едно лице на возраст од 17 години. И.К. бил приведен во Полициската станица Аеродром. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.04.2019 година во 20.00 часот во Полициската станица Карпош, А.И.(20) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 17.30 часот во угостителски објект во трговскиот центар, каде што работел, бил физички нападнат од неговиот колега А.К.. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.04.2019 година околу 10 часот во СВР Велес, жител на с.Кочилари, велешко, пријавил дека во водите на реката Вардар, во близина на с.Кочилари, било пронајдено машко тело без траги на насилство. По завршување на увидот било утврдено дека се работи за лицето Л.С.(77) од Велес. По наредба на Јавен обвинител, телото било предадено за обдукција во Институтот за судска медицина.

На 20.04.2019 година во 22.40 часот во СВР Скопје, А.И.(28) од Скопје пријавил дека во периодот од 21.00 до 22.40 часот на улицата „Јужноморавски бригади" неговото патничко возило „Ауди" со скопски регистарски ознаки било оштетено од залутано зрно од огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.04.2019 година во 18.35 часот во СВР Штип било пријавено дека во атарот на село Калапетровци, штипско, била пронајдена рачна граната. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип, а пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување ја подигнал гранатата за понатамошна постапка.

На 20.04.2019 година во 17.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека помеѓу стојалиштето Кондово и стојалиштето Сулари, во близина на објектот на ЈП-Водовод-Скопје, на отворена пруга, патнички воз, кој сообраќал на релација Скопје-Кичево, удрил во трактор кој бил оставен на пругата. Повредени лица нема. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 21.04.2019 година во 08.00 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека во периодот од 22.00 часот на 20.04.2019 до 07.00 часот на 21.04.2019 година во село Миравци непознат сторител извршил оштетување на импровизиран шанк пред објект во кој е сместен штабот на политичка партија. Извршен бил увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2019 година во 11.40 часот во Полициската станица Карпош, Ѓ.Д.(65) од Скопје пријавил дека во Порта Влае бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 20.04.2019 година околу 18.30 часот во Полициската станица Демир Капија било пријавено дека на место викано „Селиште"-Копширишница, атар на општина Демир Капија, бил пронајден мртов Ј.Д.(50) од село Тимјаник, неготинско. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Неготино, а по наредба на јавен обвинител телото било предадено за обдукција.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)